# ХИДРОКОЛ 3

*Еднокомпонентен тенкослоен малтер за ѕидање на леснобетонски и гипсени блокови и елементи*
*Одговара на EN 998-2:2016, класа M10*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За ѕидање со леснобетонски и гипсени блокови и елементи, за вертикални и хоризонтални споеви.

## СВОЈСТВА

- прашкаст материјал, кој се подготвува со вода;
- продолжено време за вградување и обработка;
- овозможува корекција на површината при ѕидање;
- обработливост за лепење и за површинско порамнување;
- за внатрешна и надворешна употреба.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | сив прашок |
| W/M | - | 0,23-0,26 |
| Густина на свеж материјал | EN 1015-6 | 1,4-1,5g/cm³ |
| Густина на стврднат материјал | EN 1015-10 | 1,4-1,5g/cm³ |
| Јакост на притисок | EN 1015-11 | > 10MPa, класа M10 |
| Јакост на свиткување | EN 1052-2 | ≥ 3MPa |
| Атхезија за подлогата | - | ≥1MPa |
| Апсорпција на вода | EN 1015-18 | < 0,1kg/(m²min$^{0,5}$) |
| Дебелина на еден слој | - | 3- 30mm |
| Отворено време за работа | - | ≥3h |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |
| Употреба, на 20°C и релативна влажност на воздухот од 50-60% | - | по 24h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, чиста, без маснотии, прашина и без лабилни делови. Пред нанесување треба подлогата да се навлажни со вода.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидрокол 3 се подготвува со 5,75-6,5l вода за вреќа од 25kg и се меша со електричен мешач до потполно воедначување. Потоа мешавината се остава да мирува 5min, по што повторно се меша непосредно пред вградувањето. Нанесувањето е со мистрија, глетарка или со шпахтла. При ѕидање, потребно е Хидрокол 3 да се нанесе во воедначен слој по целата контактна површина на блокот, вклучувајќи ги и страниците од елементот. Материјалот кој ќе се истисне при позиционирањето на елементот, потребно е да се отстрани. Дебелината на нанесениот слој при ѕидање може да биде од 3-30mm. Температурата при вградување треба да биде од 5-35˚C. Обработените површини потребно е да се заштитат од директно сонце, врнежи, ветер и замрзнување.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: 1,4-1,5 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 25kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5-35˚C. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидрокол 3 е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидрокол 3 се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk